# УСЛОВИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОНЛАЈН КУРС СО КВИЗ

"Биди и ти сајбер-шампион".

**Член 1**

**ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на онлајн курсот со квиз "Биди и ти сајбер-шампион" (во понатамошниот текст "КУРС, КВИЗ ") е на Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: ОРГАНИЗАТОР, АГЕНЦИЈА, АГЕНЦИЈАТА).

**Член 2**

**ЦЕЛ НА КУРСОТ**

Онлајн курсот со квиз има за цел Подигнување на свеста кај граѓаните за негативните ефекти на сајбер заканите и компјутерскиот криминал.

**Член 3**

**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Официјалното име на онлајн курсот со квиз е "Биди и ти сајбер-шампион". Онлајн курсот со квиз ќе биде достапен на корисниците од 18.06.2023 година и ќе трае до 23.06.2023 година.

**Член 4**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право за бесплатно следење на курсот и решавање на завршниот квиз имаат сите граѓани – државјани на Република Северна Македонија .

Еден учесник може само еднаш да учествува на онлајн квизот

**Член 5**

**УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ**

Предуслов за користење на онлајн курсот со завршен квиз е успешна регистрација и активна корисничка сметка на порталот https://cybermk.mk.

Со почетокот на следење на курсот и почетокот на решавање на квизот, се смета дека учесникот е целосно запознаен и согласен со овие правила и услови.

**Член 6**

**ЕЛЕМЕНТИ НА ОНЛАЈН КУРС СО ЗАВРШЕН КВИЗ**

Курсот е поделен на 12 теми од областа на сајбер безбедноста. За секоја тема е подготвена видео лекција и тематски квиз кој се состои од 15 прашања. Преминот од една на друга тема е можен само доколку учесникот ја изгледа во целост видео лекцијата и го реши успешно тематскиот квиз.

По завршување на тематските квизови учесникот добива можност да го решава главниот квиз кој се состои од 36 ротирачки прашања .

Откако учесникот успешно ќе ги изгледа видео материјалите и ќе ги реши тематските квизовите од сите 12 теми ќе добие можност да го решава главниот квиз. Главниот квиз се состои од XX број на ротирачки прашања од секоја од 12те теми.

**Член 7**

**ДОЗВОЛЕНО ВРЕМЕ ЗА РЕШАВАЊЕ И БОДУВАЊЕ НА ЗАВРШЕН КВИЗ**

За секое точно одговорено прашање од завршниот квиз учесниците добиваат 1 бод. Доколку учесникот одговори делумно точно на прашањето, во случај на прашања со повеќе точни

одговори истиот ќе добие соодветен процент од  1 бод во зависност од бројот на точни одговори.

Учесниците ќе имаат еден (1) час за решавање на главниот квиз. Доколку истите не го решат квизот во определениот временски рок ќе бидат дисквалификувани.

**Член 8**

**ДОДЕЛУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН МАТЕРИЈАЛ**

За најдобрите 50 учесници Агенцијата обезбеди репрезентативен материјал. Репрезентатиовниот  материјал ќе го добијат учесниците кои освоиле најголем број на поени од решавање на завршниот квиз.

Репрезентативниот материјал се состои од термос и ранец.

На сликата е прикажан илустративен пример за репрезентативниот материјал што ќе се доделува согласно член 8.



Доколку два или повеќе учесници имаат добиено ист број на бодови подобар ранг ќе има учесникот кој го решил завршниот квиз за пократко време.

Предуслов за доделување на репрезентативниот материјал е учесникот да оставил точни податоци како дел од квизот, што ќе се користат за идентификација. Агенцијата за електронски комуникации го задржува правото за дополнителна проверка на точноста на внесените податоци за корисникот пред да се потврди доделувањето на сертификатот и материјалот.

**Член 9**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН МАТЕРИЈАЛ**

Агенцијата ќе го извести учесникот што ги исполнил условите за добивање на репрезентативен материјал наведен во член 8, во рок од 7 (седум) дена од денот кога учесникот го завршил завршниот квиз.

Преземањето на материјалот е обврска на учесникот и ќе се врши по претходно известување по е-пошта од страна на Агенцијата до учесникот, од просториите на Агенцијата за електронски комуникации, кеј Димитар Влахов 21, Скопје.

Агенцијата за електронска комуникации го задржува правото за промена на материјалите кои ќе се доделуваат, како и промена на условите, со претходно јавно известување на веб страницата [https://mkd-cirt.mk](https://mkd-cirt.mk)

За сите дополнителни информации и прашања може да не контактирате на contact@mkd-cirt.mk , 02 3091232 или 070 338155,

**Член 10**
**ОТКАЖУВАЊЕ НА КАМПАЊАТА**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право да ја откаже Онлајн курсот со завршен квиз во било која фаза, со известување до учесниците, доколку настапат околности за кои ОРГАНИЗАТОРОТ не е одговорен, односно ако постојат околности кои ОРГАНИЗАТОРОТ не можел да ги избегне, отстрани или спречи.

**Член 11**
**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО УСЛОВИТЕ НА ОНЛАЈН КУРСОТ**

Условите за следење на онлајн курсот со завршен квиз во целост ќе бидат објавени на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ т.е на страната на Националниот центар за одговор на сајбер инциденти - https://mkd-cirt.mk/

**Член 12**
**ЗАБРАНА ЗА ДОБИВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН МАТЕРИЈАЛ**

Право на добивање на репрезентативен материјал немаат лицата вработени и/или по друг основ ангажирани во Агенцијата за електронски комуникации.

**Член 13**
**НАЧИНИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КАМПАЊАТА**

За известување за Кампањата ќе бидат користени некои од следните средства:

1. Рекламни пораки на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации
2. Објави на социјални медиуми;

**Член 14**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на Условите за следење на онлајн курсот со завршен квиз учесниците ги прифаќаат одредбите од овие услови. Овие услови ќе се применуваат по нивното јавно објавување, а ќе важат до затворање на онлајн курсот..